Република Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ (SEP)

Експресен пат Штип – Радовиш, Република Македонија

Финален

ZYL Consulting Ltd

Датум: 04/11/2015

Содржина

1. ВОВЕД 3
2. Опис на проектот 4
3. Правна и политичка рамка на засегнатите страни 6
4. Претходно засегнати страни 8
5. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЧИНИТЕЛИТЕ, МЕТОДИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА И ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ 10
6. ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ И ПРОГРАМА ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ 19
7. МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ 20
8. ИЗВЕСТУВАЊЕ 21
9. ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ И ОДГОВОРНОСТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИ 21
Анекс А Локални засегнати страни 22
Анекс Б Национални засегнати страни 24
Анекс В Формулар за поплаки 25

Кратенки и акроними:

ЕБОР	Европска Банка за Обнова и Развој
EIA	Оцена на влијание врз животната средина
ESAP	План за животна средина и социјални аспекти
ESP	Животна средина и социјална политика
EU	Европска унија
km	километар, што се користи за да се идентификува стационажа (оддалеченост долж патниот коридор) и должина
LARF	Откуп на земјиште и план за раселување
MoAFW	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
MoEPP	Министерство за животна средина и просторно планирање
MoTC	Министерство за транспорт и врски
NTS	Не-техничко резиме
OGRM	Службен весник на Република Македонија
PESR	Јавно претпријатие за државни патишта
PR	Критериум за реализација
SEP	План за вклучување на засегнатите страни

1. ВОВЕД

Јавно Претпријатие за Државни Патишта (ЈПДП) на Македонија предлага да се превземе обврска за подобрување на патната мрежа со рехабилитација и реконструкција на околу 40 километри на постојниот автопат А4 помеѓу градовите Штип и Радовиш во источниот регион на Република Македонија. Со реконструкцијата и рехабилитацијата ќе се изгради експресниот пат "Штип - Радовиш" ("Проект') - **Слика 1** подолу ја покажува локацијата на проектот.

Слика 1 Локација на експресниот пат Штип-Радовиш

Проектот е развиен од страна на ЈПДП во согласност со националните законски барања и оние на Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР). ЕБОР размислува за обезбедување на финансиски средства за реализација на проектот.

Овој план за вклучување на засегнати страни (SEP) дава преглед на пристапот и активностите кои што ЈПДП ќе ги превземе за вклучување на надворешните засегнати страни и локалните заедници во врска со проектот. SEP-от вклучува механизам за поплаки на засегнатите страни и луѓето со цел за изјаснување на нивната загриженост во врска со проектот. SEP-от ќе биде ''жив'' документ и периодично ажуриран од страна на ЈПДП.

2. Опис на проектот

Резиме и опис на проектот

Постојниот пат А4 помеѓу Штип и Радовиш е со 2 коловозни ленти по целата должина, со ширина од 6,5 м и 7,0 м.

Слика 2 ги прикажува предложените 40 километри од трасата на проектот и неговите главни елементи. На 20 километри од коридорот, Проектот опфаќа рехабилитација и проширување на постојниот пат А4, а кај останатите 20 км вклучува и изработка на нов експресен пат, изграден на новата траса северо-источно од постојниот автопат А4. Постојниот пат ќе продолжи да се употребува како локален пристапен пат за новиот експресен пат.

Проектот на експресниот пат е составен од следниве 5 секции:

- **Секција I** – 3,2 км делот што се протега од клучката **Три Чешми** до клучка **Штип Запад** се состои од рехабилитација и проширување на постојниот автопат А4;
- **Секција II** – 7.4 km делот што се протега од клучката **Штип Запад** преку клучка **Штип Југ,** завршно до околу 2 километри од оваа клучка /јазол се состои од рехабилитација и проширување на постојниот автопат А4;
- **Секција III & IV** – 20,1 км од новиот експресен пат што ќе биде изграден на траса северо-источно од постојниот автопат А4 се протега од крајот на Секција II до **клучка Долани** до **клучка Лакавица** и потоа на **клучка Бучим**; и
- **Секција V** – 8.6 km се протега од **клучка Бучим** преку **клучка Ињево** до **клучка Радовиш** и се состои од рехабилитација и проширување на постоечкиот автопат А4. Оваа секција вклучува паралелни пристапни патишта за локалното население, земјоделски возила и други возила кои не можат да користат Експресен пат.

Слика 2 Трасата со секциите од експресниот пат Штип-Радовиш



Секциите I, II & V вклучуваат рехабилитација и проширување на банкините од постојниот пат А4 со цел да се обезбедат две 3.5 m широки сообраќајни ленти и два од 2.2 m широки банкини. Кај Секциите III and IV – во централниот дел од 20км експресен пат – ќе биде изграден на нова утврдена траса за да се задоволат барањата на сегашните Македонски стандарди при изградба на патишта.

Новите банкини долж трасата на експресниот пат ќе служат како помошни ленти за застанување при несреќи или како засолниште за расипани возила. Проектот вклучува долж целата траса нови заштитни бариери, одводнување, патна сигнализација, сообраќајни знаци, се во согласност со националните стандарди за проектирање на патишта. Од безбедносни причини заштитни огради ќе бидат поставени (од двете страни) долж трасата од експресниот пат.

Постојниот пат А4 се користи од страна на локалното население и за земјоделски возила, па затоа мора да се одржува пристап до локалните земјишта (ниви) и села. Неколку клучки со косо-соочувае на две нивоа и пристапни/локални патишта се исто така вклучени во Основниот проект. Покрај тоа, неколку конструкции - мостови, подвозници, премини и потпорни ѕидови - ќе бидат изградени по должината на трасата. Зачтитен појас од 40 m од секоја страна на проектираниот експресен пат ќе биде воспоставен со ограничувања поставено за одредени активности во рамките на ширината од овие 40 m.

Опис на локацијата

Предложениот експресен пат се наоѓа во голема мера во рамничарски терен од долина на река, и со појава на ридови или области на повисока кота од коридорот на двете страни. Ридовите во пошироката област најчесто се пошумени, а помеѓу се области на суви тревни површини. Предложениот експресен пат се протега помеѓу општините Штип и Радовиш. Оваа територија моментално е со слаба патна инфраструктура и постојниот пат А4 претставува пат со ризик за безбедност во заедницата. Локалната економија во областа на проектот е силно зависна од земјоделството и индустрии за преработка на храна, со присуство на текстилни индустрии и производство на облека како и рударска индустрија, која исто така, еприсутна во оваа област.

Главните локални заедници во областа на проектот се прикажани на сликата подолу, заедно со другите села во оваа област - од кои населението на некои се намалува поради работа надвор од државата односно миграција. Освен регионални центри Штип и Радовиш, останатите заедници се мали или многу мали села. Селото Лакавица кое што лежи директно на постоечкиот пат А4 ќе биде заобиколено односно одбегнато со предложениот експресен пат (Секција III). Релативно нова мала населба на куќи, позната како "Нов Дамјан" се наоѓа на постоечкиот пат. Постојат повеќе од 20 мали и многу мали села сместени на падините на далечина од 5 километри на постојниот пат. Овие села генерално се пристапни со користење на мали локални патишта, од кои некои не се асфалтирани. Овие села се генерално зависни за пристап од постоечкиот патен коридор А4, вклучувајќи го и јавниот превоз и центрите Штип и Радовиш каде што се наоѓаат главните услужни дејности. Во некои од овие села е намален бројот на домаќинства кои живеат таму, а со текот на времето, неколку од нив се намалени на 1-2 домаќинства.

Слика 3 Мапа на локалните заедници во проектната област



3. Правна и политичка рамка на засегнатите страни

Вклучувањето на засегнатите страни за проектот ќе ги следи националните законски барања во Македонија, како и соодветните барања на ЕБОР. Истите се објаснуваат подолу:

Македонската правна рамка

Барања за јавна консултација и достава на информации во текот на изработката на проектната документација (на пример, оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС), документи за просторно планирање, итн) главно се опфатени со следните закони:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр 199/14 и 44/15). - *Се поставуваат условите за учество на јавноста во врска со плановите (т.е. процесот на јавната расправа и јавна анкета, итн); и*
- Закон за животна средина (Службен весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14) - *ги поставува барањата за објавување на документи (на пример, оцената на влијанието врз животната средина) и одлуките кои се однесуваат на животната средина како и процесот за учество на јавноста и нивни коментари.*

Резиме од Јавни Консултации и Процес на Објава

Процесот на консултации и објавата во врска со документацијата и плановите за животната средина и просторното планирање е прикажан на сликата подолу. Законската рамка утврдува законски периоди на време за оддржување на Јавна расправа (и) јавни коментари да бидат примени.

Слика 4 Резиме на јавни консултации и Процес на објавување

Нацрт документ/План за објава

Информирање на јавноста преку медиумите за објавување на нацрт-документот / план

Информирање на јавноста во врска со детали за објавување на нацрт-документот / план (каде што е достапна хард копијата за разгледување т.е преглед, датумите и времето кога ќе може да се ревидираат) преку медиумите и граѓаните / организации кои се поканети да дадат коментари и /или да присуствуваат на јавните консултации / расправи.

Консултации со јавноста / Сослушувања

Консултации со јавноста / расправа (и) се одржуваат на соодветно локално место (на пример, Канцеларијата на Општината, селото, во сала итн) и планот / документот се презентира.

Јавни коментари & Ажурирање на нацрт-документот /планот

Коментарите добиени од сите засегнати страни се обработуваат и планот / документот се ревидира, односно се додаваат во него. Во извештајот со или без приложените коментари кои се донесени, со образложение се доставува заедно со нацрт-планот / документ до надлежните органи, кои ќе проценат дали коментарите се смисловно дадени и адресирани.

Одговор на јавните коментари

На сите примени коментари во законскиот рок се одговора во писмена форма.

Консултации и објавување на студијата за ОВЖС

Јавноста мора да биде вклучена во сите фази на постапката за ЕИА студии и сите одлуки донесени во текот на процесот мора да бидат објавени во соодветните медиуми. Следниве документи јавно се објавуваат:

- Известување за намерата за изведување на проектот;
- Одлука за определување на опсегот на ОВЖС ;
- Објавување на достапноста на студијата за ОВЖС;
- Објавување на студијата за ОВЖС;
- Јавни расправи за ЕИА студијата;
- Извештај за соодветноста на студијата за ОВЖС;
- Решение за одобрување или одбивање на барањето за Проектот од страна на МЖСПП.

Консултации при откуп на земјиште / експропријација

Во **Законот за експропријација**[1] се уредува стекнувањето и експропријација на земјиштето како и средствата за проекти од јавен интерес и обезбедување на надоместок за опфатеното земјиште. Во некои случаи, прашањата поврзани со обезбедување на надомест за земјиштето и имотот, може да се решат преку спроведување на **Законот за облигационите односи**[2]**.** Во рамките на македонската правна рамка во врска со експропријацијата засегнатите сопствениците на земјиштето и корисници со право мора да

[1] . Службен весник на РМ бр: 5/12, 131/12, 24/13, 27/14

[2]. Службен весник на РМ бр 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09

бидат консултирани. ЈПДП се одговорни за плаќање на надоместок на погодените сопственици и корисници на земјиштето, вклучувајќи ја и загубата на недвижен имот / структури, процесот се фокусира на обидот да се постигне пријателско порамнување со надомест, пред се да се здобијат со својства за да се избегне експропријација. Случаите, во кои не може да се постигне пријателско решение за надомест на штетата може да се упати на судовите кои треба да одлучат.

Други закони

Во Македонија постојат и други закони кои предвидуваат откривање на информации за поддршка на проектот или пристап до информации, опфаќајќи процеси за подигање на поплаки и жалби, вклучувајќи и:

- Законот за градење (Службен весник на РМ бр 130/2009 и дополнувања);
- Законот за пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ бр. 13/06, 86/08, 10/06, 42/14)
- Закон за постапување по претставки и предлози (Службен весник на РМ бр. 82/08, 13/13)

Во 1999 година, Македонија ја има подпишано Архуската конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во процесот на донесување одлуки и пристап до правда за прашања поврзани со животната средина (1998). Архуската конвенција дава права во однос на пристапот до информации за јавноста, учество на јавноста и пристап до правдата, во владините процеси на одлучување за прашања кои се однесуваат на локална, национална и прекугранична животна средина. Тој се фокусира на интеракцијата помеѓу јавните и државните власти.

Правна рамка на ЕБРД

Проектот е оценет како проект од категорија Б во рамките на ЕБОР за животна средина и социјална политика 2014.

Проектот треба да ги исполни условите за вклучување на засегнатите страни и консултирање на јавноста, како што е наведено во Политика за Животната Средина на и Социјални Аспекти ЕБОР (2014)[3], нејзината Политика за Информации од Јавен Карактер (2014) [4] и Барања за Проектна изведба. Овој план на засегнатите страни (ПВЗС) е развиен во согласност со ПБ 10 (Објавување на информации и вклучување на засегнати страни).

Под ПБ 10, ЕБОР бара вклучување на засегнатите страни и е тековен процес кој ги вклучува:

- јавно објавување на соодветни информации за да се овозможи суштински консултации со засегнатите страни;
- суштински консултации со потенцијално засегнатите страни; и
- постапка или политика со која луѓето може да дадат забелешки или поплаки (механизам за поплаки).

4. Претходно засегнати страни

Проектот за подобрување на автопатот А4 помеѓу Штип кон Радовиш беше во развој голем број на години, со оригиналниот предлог на автопатот меѓу Штип кон Струмица.

[3] http://www.ebrd.com/news/publications/policies/environmental-and-social-policy-esp.html

[4] http://www.ebrd.com/what-we-do/strategies-and-policies/public-information-policy.html

Проектот е беше анализиран се до овој последен предложен проект за Експресниот пат. Активностите во содејство со јавноста навремено превземени се главно поврзани со оние извршени во 2012 година во врска со ОВЖС за Штип до автопатот Струмица.

Во развојот на проектот има некои ограничени ангажирања од страна на проектантот за комунални услуги за време на проектирањето на експресниот пат. Формални Јавни Расправи и консултации за проектот не се спроведени , а постоу официјална кореспонденција со МЖСПП во однос на мислења за спроведување на СОВЖС и Елаборати. Исто така беше оддржан воведен состанок за предлогот на Експрсниот пат со општините Штип и Радовиш.

Ангажирано беше истражување за изменување и дополнување на Националниот план за управување со водите што се предложени од страна на ЈПДП во однос на обезбедување на експресниот пат кој не е предмет на голем ризик од поплава од предложената брана Јагмулар.

Табелата подолу ги резимира претходните ангажмани преземени за претходниот предлог за рехабилитација на автопатот А4, Проектот за експресниот пат и измените на Националниот план за управување на вода:

Табела 1 Резиме на Активности од претходно вклучените засегнати страни

Засегнати страни	Датум	Метод на ангажирање	Резиме на ангажираните активности
Оригинален предлог за автопат : (А4 рехабилитација на патниот коридор од Штип до Радовиш)			
МЖСПП	22.11.2011	Официјална кореспондентност	Потврдување на барањата за ОВЖС студија за проектот "Рехабилитација на државен пат М6 во автопат, делница Штип-Струмица. Решение донесено од страна на МЖСПП во кое е изјасната потреба за изработка на студија за ОВЖС за проектот за автопат " Рехабилитација на државен пат М6 во автопат, делница Штип-Струмица".
Јавна расправа - сите засегнати страни во опфатената област "автопат"	26.03. 2012 27.03.2012 29.03.2012 29.03.2012	Официјална кореспондентност јавни расправи	Јавни расправи одржани во општините Штип, Радовиш, Василево и Струмица. Расправите се состоеја од презентацијата на извештајот за ОВЖС за автопатот, до сите засегнати страни со цел да се добие нивното мислење.
МЖСПП	26.10.2012	Официјална кореспондентност	Напишано ажурирање и процес за добивање формална одлука од МЖСПП за статус ОВЖС студијата за автопат. МЖСПП донесе одлука за одобрување на студијата за ОВЖС за проектот "автопат Штип-Струмица".
Проект за експресен пат: (за рехабилитација и реконструкција на автопатниот коридор А4 меѓу Штип и Радовиш)			
МЖСПП	18.04. 2013	Официјална кореспондентност	ЈПДП побара од МЖСПП да биде доставена задолжителна нова ОВЖС или проширена верзија на одобрената ОВЖС за автопатот Штип-Струмица која ќе ги покрие и секциите кои не се вклучени (секција 3 и 4).
	22.05. 2013		МЖСПП утврди дека елаборат за заштита на животната средина е потребен за Дел V (клучка Дамјан / Бучим до Радовиш).
	11.03. 2014		МЖСПП утврди дека елаборат за заштита на животната средина е потребно за Дел II (клучка Штип / Долани клучка (7.500 км) и повторно потврди дека е потребно и за Дел V (клучка Дамјан / Бучим до Радовиш).
	03.11.2014		МЖСПП ја потврди валидноста на Одлуката за одобрување на ОВЖС за проектот за автопат на Штип - Струмица (направен на 26-ти октомври 2012 година) ќе биде продолжен за уште две години, а ќе бидат доволни да ги покријат секциите III и IV од предложениот експресен пат Штип – Радовиш.

Засегнати страни	Датум	Метод на ангажирање	Резиме на ангажираните активности
	15.05.2015		Елаборатот за заштита на животната средина за секција V беше подготвен и одобрен од страна на МЖСПП на 15 март 2015 година.
Агенција за планирање на просторот	06.11.2014.	Официјална кореспондентност	Одлуката на Просторното планирање беше издадена и беа елаборирани и опишани позитивните влијанија и потребните мерки на проектот во согласност со Просторниот план на Република Македонија.
Општина Штип & Радовиш	09.09.2015	Состаноци	Проектот беше дискутиран со претставници на различни сектори во општините (на пример, статистика, урбанизмот, развој и животната средина, социјалната заштита и слично).
Amendments to the National Water Management Plan			
Јавна расправа: МЗШВ;МЖСПП; Општина Штип, Градежен факултет, Министерството за економија, итн)	21.09.2015	Официјална кореспондентност	Јавна раправа за Нацрт извештајот за предлог измените на Националниот план за управување со води.Презентација и дискусија за Нацрт измените на Националниот план за управување со води, а особено за предложеното ниво на предложената брана Јагмулар.

5. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЧИНИТЕЛИТЕ, МЕТОДИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА И ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ

Вклучувањето на засегнатите страни ќе продолжи во текот на идното планирање на Проектот, изградбата и неговото користење. Надворешните засегнати страни се идентификувани од страна на ЈПДП со поддршка на општините Штип и Радовиш. Во табелата подолу се идентификувани клучните "надворешни" и "внатрешни" групи на чинители за проектот и дава преглед на поединечните чинители идентификувани до сега, како и целите и начин на комуникација кој ќе се користи со секоја група. Тековните рокови за ангажман се наведени во табелата.

Оваа табела и СЕП-от ќе се ажурираат периодично за да се вклучат сите новоидентификувани засегнати страни, како и планираните активности и временските рамки. Социо-економски истражувања / попис на луѓето и села чие земјиште, средства и пристап се потенцијално засегнати од Проектот, ќе бидат преземени како дел од иднината на процесот на планирање на откуп на земјиштето. Методот на ангажмани во оваа табела ќе бидат прочистени од резултатите од овие истражувања, особено посочените методи на работа со потенцијално ранливите и маргинализирани групи (на пример, старите домаќинства и оние со многу низок приход , во областа на проектот чиј пристап и / или земјата можат да бидат засегнати) и жените во поконзервативните турски села.

Достапни податоци за контакт од идентификуваните надворешни засегнати страни, се содржани во Анекс А: локални засегнати страни и Анекс В: национални засегнати страни.

Табела 2 План за акција на вклучување на засегнатите страни (групи на чинители, методи на комуникација и активности и временска рамка)

Број	Група на засегнати страни	Засегнати страни	Цел на комуникација	Методи на комуникација & Активности	Индикативен тајминг на анганжмани/консултации
Надворешни засегнати страни					
Локални засегнати страни:					
1	Луѓе погодени од проектот: Локални заедници / жителите на градовите и селата[5] по должината на автопатот А4 и проектот за експресен пат Штип - Радовиш	Лидери / претставници на локалните заедници (наведени подолу) (односно селските совети и слично) Општина Штип: Штип,Балталија, Брест, Горачино, Доброшани, Долани, Драгоево, Лакавица, Лесковица, Љуботен, Ново Село, Пиперово, Пухче, Селце ,Софилари, Степанци, Суво Грло , Три Чешми , Чифлик, Шопур Општина Радовиш: Радовиш,Али Коц, Бучим, Дамјан, Ињево, Калаузлија, Коџалија, Козбунар , Прналија, Раклис, Сулдурци, Супурге, Тополница, Воиславци	• Информации за природата на проектот, времетраењето на проектот, потенцијалните влијанија врз животната средина, социјалните и економија, вклучително и аранжмани за локален пристап во текот на изградбата и финализација на експресниот пат. • Можности на заедниците да бидат активно вклучени во подготовката и спроведувањето на проектот. • Механизми за жалби и поплаки. • Дискутирање за потенцијалните влијанија и сите прашања поврзани со безбедноста на заедницата. • Подигнување на свеста за безбедност на патиштата со локалните села за употреба на експресниот пат. • Подготовка на социо-економски истражувања / цензус во погодените села и идентификува / информира преку анкети.	• Информирање преку медиумите (објави) (т.е. локален весник и радио), како и електронски медиуми. • Директни информации преку општините Штип и Радовиш. Непосредно да се информираат преку лице за контакт или лице одговорно за спроведување на SEP-от. • Јавни средби во општинските центри (т.е. Штип и Радовиш) и неколку села по должината на трасата (т.е. Лакавица & Софилари и евентуално Селце и Бучим, Тополница и Ињево). • Постојните структури на заедницата (на пример, советници на селото и пратеници) ќе се користат во методите на ангажманот. • Индивидуални состаноци / ангажмани со директно погодените домаќинства во текот на социо-економските истражувања / попис. • Комуникација преку огласни табли (сместени на соодветни места во заедниците) и објавување информации/известувања за проектот. Информации во врска со проектот (на пр НТС, СЕП и LARF) објавени на веб страната на ЈПДП: http://www.roads.org.mk и веб ЕБОР: http://www.ebrd.com. • Специфични насочени информации за селата и деца на патот при извршување на градежни активности и опасностите поврзани со овие активности. ЈПДП ќе подготви едноставни брошури за заштита од опасности и за безбедноста на патиштата при изградба на експресниот пат кој ќе содржи едноставен текст и цртежи, колку што е можно повеќе. Овие брошури ќе бидат дистрибуирани и претставени во заедниците на селата / преку состаноци и преку училиштата	• Во текот на имплементацијата на проектот. • Планирано е да се започне во последното тромесечје на 2015 година и заврши во првото тромесечје на 2016 година • Ангажмани пред и за време на изградбата: предвидено да започне во текот на втората четвртина од 2016 година и продолжи во текот на изградбата (односно за 3 години). • Оперативна фаза: ангажманот ќе продолжи од крајот на изградбата.

[5] Селата ќе се потврдат во тек на социо-економските истражувања, одредени заедници се намалени и со тек на време и постои можност одредени села да се напуштени

Број	Група на засегнати страни	Засегнати страни	Цел на комуникација	Методи на комуникација & Активности	Индикативен тајминг на анганжмани/консултации
				(ако е можно). Поддршка од општините и локалните заедници и сл во однос на зголемување безбедноста на сообраќајот и зголемување на свеста при изградба . • Консултациите да се оддржуваат на македонски јазик, информациите да бидат подготвени на македонски. Но, доколку се побара/има потреба од локалните заедници за консултација на друг јазик (пр. Турски) ЈПДП ќе го разгледа нивното барање.	
2	Ранливи и маргинализирани групи од проектот со кои се засегнати локалните заедници / селата:	Потенцијални групи идентификувани во тек: • домаќинства со постар и многу низок приход во селата по должината на трасата и во близина на патот - А4 чиј пристап и / или земјата може да бидат засегнати од проектот; • Жените во поконзервативните турски села. Други ранливи и маргинализирани групи ќе бидат додадени како што ќе бидат идентификувани преку процесот на социо-економското истражување / попис и развој (RAP).	• *Како што е наведено за група број 1 погоре - да се применуваат методи насочени кон ангажманот за потенцијално ранливите и маргинализирани групи, така што тие ќе имаат пристап до Информации за проектот и да може да учествуваат во процесот на ангажманите. Целта е да се осигура дека тие групи нема се несразмерно засегнати од проектот и примена на конкретни мерки кои може да се применат доколку е потребно.*	ЈПДП (& Изведувачот за време на изградбата) ќе ги истакнат конкретните мерки за ангажман со потенцијално ранливите и маргинализирани групи. Социо-економските анкети / попис ќе бидат добар начин да се комуницира со ранливите (осетливи) групи. Методите ќе бидат прочистени за оваа група следејќи ги социо-економските истражувања, но најверојатно ќе вклучуваат: • Специфични состаноци со група од стари и многу ниски приходи на домаќинства во засегнатите села - т.е. Лицето за контакт од Проектот за SEP-от, во селата ќе преземе директни ангажмани со загрозените домаќинства, а особено во однос на ефектите врз нивните договори за земјиште и за пристап, се со цел да се идентификува било каква дополнителна помош. • Културно соодветни механизми и приоди за да се вклучат жените од турските села кои можеби не сакаат да присуствуваат на јавните собири или да патуваат во други села - ЈПДП (& Изведувачот) ќе се обиде да ги поддржи и советите на општините кои се вклучени во овие заедници и претставниците на селата (доколку е можно) да ги искористат постоечките методи и канали за ангажмани со овие групи.	*Како што е наведено за група 1.* • Клучен механизам за ангажман со ранливи групи / лица во мали / многу мали села е социо-економското истражување / попис. Се очекува овие да бидат преземени во 1 до 2 четвртина на 2016 година.
3	Сопствениците и корисниците на земјиште и средства (вклучувајќи ги и оние со законска & незаконски права) кој ќе се стекнат со проектот, кој може	Локалните жители и локалните бизнис / компании. *(Да се потврди за време на идниот процес напланирање на откупот на земјиштето).*	• Планирање и спроведување на барањата за откуп на земјиште и рамка за раселување (LARF) и Акционен план за раселување (RAP) за експропријација на земјиштето (и средства).	• Консултативни состаноци за развој на Акциониот план за раселување, да се претстави детален проект за погоденото земјиште и имот, да ја објави социо- економската анкета / пописот и вреднувањата на имотите, да ги презентира LARF & матрицата на права како и видот и начинот на надомест на штета. • Социо-економски истражување и вреднување на својствата.	• Пристап до земјиштето може да се случи само кога надоместокот е платен, затоа RAP-от треба да се подготви и спроведе пред изградбата, на што укажува да се почне во втората четвртина на 2016 година.

Број	Група на засегнати страни	Засегнати страни	Цел на комуникација	Методи на комуникација & Активности	Индикативен тајминг на анганжмани/консултации
	да биде физички и /или економски раселен- вклучувајќи ги и оние чиј пристап е засегнат.		• Одржување директни консултации со засегнатите страни (вклучувајќи ги формалните и неформалните сопствениците на земјиштето и корисници засегнати од проектот) за надомест за експропријација на земјиштето, губење на пристап и реставрација на егзистенција, во согласност со SEP и LARF, и да се информира во RAP.	• Индивидуални состаноци како што се бара според македонското законодавство, како дел од процесот на експропријација. • Консултации ќе се спроведат за одредени специфични прашања, вклучувајќи: влијание врз пристапот до земја (на пример, земјоделско земјиште во текот на изградбата и работењето и слично); ограничувања во заштитениот појас; итн • Во текот на консултациите со комерцијалните објекти кои ќе останат во рамките на заштитениот појас / патот да се обезбедат јасни информации за: како и кога тие треба да бараат дозвола да останат во појасот на заштита. Јасно објаснување за ограничувањата поставени на нивната земја со што ќе обезбеди да биде во рамки на заштитениот појас.	• Консултативни состаноци со сопствениците и корисниците на засегнатото земјиште (и средства) се очекува да се случи во 4-та четвртина на 2015 година и да продолжи за време на 1 до 2 четвртина на 2016 година.
